Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 02-1602/1
30-12-2022 год.-viti

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ВО**

**АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

**за 2023 година**

## *I.* ***Вовед***

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под корупција се подразбира „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", а под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности". Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност или државно уредување. Затоа, земјите ширум светот постојано вложуваат напори за да ја подигнат свеста за корупцијата и за нејзините подривачки влијанија врз граѓаните. Таа не само што го нарушува процесот на носење одлуки, туку и навлегува во сите пори на општествениот развој. Имено, социјалните, правните и економските сегменти на развојот се меѓусебно поврзани, па затоа појавата на корупција во еден сегмент значително влијае врз развојот на сите останати. Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото оптштетство и иницијативност на сите нивоа. Поимот ризик од корупција дефинира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државните органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата, а државите треба да развиваат закони, политики, методологии и програми со цел да го сузбијат овој феномен, да го искоренат од нивните системи и да обезбедат поквалитетен живот за нивните граѓани.

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, евалуациите на ГРЕКО, како и извештаите на други релевантни организации континуирано укажуваат на неповолните состојби во спречувањето на корупцијата. Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин на живеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување

Како одговор на овој предизвик, Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2023 година ја разви оваа Антикорупциска програма во континуитет со претходните антикорупциски програми за 2021 и 2022 година со цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата, да придонесе кон нејзино искоренување и да спречи нејзина понатамошна појава, да обезбеди непречен развој на демократијата, владеење на правото како и да обезбеди квалитетна, ефективна и ефикасна администрација, целосно ослободена

од коруптивни практики, која ќе биде вистински сервис за сите граѓани / правните лица на Република Северна Македонија. Посебен акцент во справувањето со корупцијата ќе биде ставен на унапредување на професионалниот интегритет на вработените кои при извршување на задачите треба да применат соодветни знаења, етичко однесување, чесност и да работат во полза на јавниот интерес како и да постапуваат согласно прописите, правилата и професионалните стандарди Секој вработен треба да покажува висок степен на интегритет во работењето, да го почитува Етичкиот кодекс на однесување и да поседува способност да се спротистави на корупцијата.

## *II. Правни прописи од областа на корупцијата*

Најзначајните закони кои се однесуваат на корупцијата се: Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Кривичниот законик, Законот за заштита на укажувачи и Законот за лобирање. Во заложбите на меѓународната заедница во борбата против корупцијата се донесени Конвенцијата на обединетите нации против корупција и Цивилната конвенција за спречување корупција. Република Северна Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од домашното законодавство.

## *III. Листа на поими*

**Корупција**: Законот за спречување судир на интереси ја дефинира корупцијата како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг". Притоа, под овој поим се опфатени и поимите:

- пасивна корупција – намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

- активна корупција - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Јавен интерес**: иако не постои единствена законска формулација застапена во сите

прописи, прифатеното толкување е дека под јавен интерес се подразбираат сите права и обврски на граѓаните и правните лица во државата кои како такви се утврдени и гарантирани со уставот и законите во една држава како и ратификуваните меѓународни договори. Притоа, јавниот интерес, онака како што е дефиниран во Законот за спречување судир на интереси, претставува „заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата".

**Приватен интерес**: м атеријален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овластувања и должности.

**Судир на интереси**: состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Ризик од корупција**: било кој вид на внатрешна и надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивиот на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет**: з аконито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

**Непотизам**: во најширока смисла, се дефинира како „влијание на семејните и роднинските врски при донесување на одлуки за вработување и склучување на јавни (управни) договори (најчесто во постапките за јавни набавки и издавање на дозволи)".

**Клиентелизам**: давање привилегии или придобивки на клиентот во замена за услуги, придобивки или во политички контекст, гласови.

**Кронизам**: најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или

соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за појава на кронизам има во контекст на именувања, но може да се појави и во која било инстанца кога се практикуваат дискреционите права.

### *IV. Антикорупциска политика на Агенцијата за цивилно воздухопловство*

Агенцијата за цивилно воздухопловство не толерира коруптивно однесување како што е искористување на функција, јавно овластување, службена должност и положба за остварување на било каква корист за вработените или нивните блиски.

Директорот и раководните лица на сектори и одделенија се одговорни за проценка и отстранување на ризиците кои што придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање на повластен третман или каква било друга форма на неетичко и незаконска однесување.

Вработените се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, да бидат лојални на институцијата, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за угледот на институцијата во јавност без разлика дали се наоѓаат на работното место или не и тоа во секое време.

Вработените се должни да пријават било какво коруптивно однесување на начин пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж на корупција или друго неетичко однесување.

Вработените на кои што им бил понуден поткуп или биле поттикнувани на незаконски и неетички дејствија треба да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп и писмено да го известат надлежното лице во институцијата.

Коруптивните однесувања се казниви согласно Кривичниот законик, а актите на корупција и неетичко однесување утврдени со антикорупциска политика задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка која не исклучува и кривична одговорност. Директорот и раководните структури врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина го гарантираат правото на заштита од одмазда и закани кон лицата кои што пријавиле неетичко и незаконско однесување. Доколку се докаже дека лицето тендециозно или злонамерно пријавило или дало лажен исказ, против него ќе бидат превземени соодветни мерки за одговорност.

## V. ***Мерки и активности кои ќе ги преземе Агенцијата во насока на воспоставување на ефикасен систем за превенција и борба против корупцијата***

- Континуирано следење и идентификување на причините, условите и факторите кои би овозможиле корупција при што секој раководител на сектор е обврзан да го следи постапувањето на вработените во секторот и особено да внимава дали се почитуваат законските рокови за преземање на дејствија/активности по конкретните предмети, дали се одолжуваат определени дејствија кои треба да се преземат, кои се причините за таквото однесување, како и да ги има предвид известувањата кои ги доставуваат граѓаните/правните лица по однос на постапувањето на вработените и во случај на констатирање на непочитување/непреземање навремени дејствија да достави известување до раководството во Агенцијата. Врз основа на доставените известувања ќе се анализира состојбата и ќе се идентификуваат категориите на работни места со најголем ризик од корупција, по што ќе се предложат мерки за намалување т.е. отстранување на различните форми на ризици од корупција;
- Секој вработен е должен во своето работење да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно. Пријавување на коруптивно однесување на лица, е должност на секој вработен. Тоа не е лично прашање, ниту право на избор, туку е дел од службената должност и одговорност. Вработените кои биле сведоци или имаат основани сомневања за неетичко или незаконско однесување на некој вработен мораат во печатена форма, телефонски или преку електронска пошта да го информираат овластеното лице во институцијата., а на вработениот кој што пријавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи. Притоа, вработениот треба да ги појасни деталите вклучително - времето, местото, соговорниците и предметот на разговор. Доколку вработениот не постапи согласно пропишаната процедура, против него ќе биде покрената соодветна постапка..
- Вработените ќе бидат едуцирани и обучувани да препознаат и да се спротивстават за секоја незаконска, неморална или нечесна ситуација.

-Со цел навремено постапување и остварување на правата на граѓаните и потребите на правните лица, задолжително е почитување на процедурите за работа и притоа секој е должен да извести доколку оцени во текот на работата дека определена процедура треба да се измени/дополни во насока на подобрување на работата со истата.

- Континуирано зголемување на јавната свест на вработените да пријават корупција за која цел ќе се изработуваат практични информации и обрасци за начинот на остварување на своите права и

пријавување на секое сомневање за неправилност во постапувањето или однесувањето на конкретен вработен во Агенцијата, како и сомнение за постоење на измама, корупција, непотизам, клиентелизам, кронизам, јавен и приватен интерес;

- Континуирано следење на начинот на спроведување на јавните набавки, како и реализирањето на договорите за јавни набавки при што ќе се води грижа за почитување на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки и реализацијата на договорите, а според процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки, како и реализацијата на договорите. Едуцирање на вработените во постапките за јавните набавки вклучува почитување на основните начела, како што се начелата на слободно движење на стоките, слобода за основање, слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност;

- Континуирано информирање на граѓаните за работата на Агенцијата преку демонстрирање на отчетноста и овозможување транспарентност за работата на Агенцијата преку објавување на веб страницата на сите неопходни информации;

**Директор**
**д-р Томислав Тунтев**

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk